**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
**Бр. 16-200/4**
**12.01.2015 година**
**С к о п ј е**

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 235 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија” број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014 и 180/2014), донесоа

## З А К Л У Ч О К

Се запира постапката поведена по службена должност за вршење на вонреден инспекциски надзор во ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје.

## О б р а з л о ж е н и е

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден 09.01.2015 година извршија вонреден инспекциски надзор во ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје. При инспекцискиот надзор извршен е увид во списите на предметите на корисниците сместени во Установата за сместување на деца и младинци со умерени и тешки пречки во менталниот развој, како и во документацијата и евиденцијата што се води во Установата.

Инспекцискиот надзор е извршен над применувањето и спроведувањето на Законот за социјалната заштита, Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ број 32/2005, 120/2005 и 51/2011),подзаконските, општите, поединечните и другите акти донесени врз нивна основа.

При вонредниот инспекциски надзор на записник број 16-200/3 од 12.01.2015 година не се констатирани недостатоци и неправилности, поради што согласно член 41 став 4 од Законот за инспекциски надзор (,,Службен весник на Република Македонија,, број 50/2010, 161/2010, 157/2011, 147/2013 и 41/2014), се донесе заклучок како во диспозитивот.

Жалбата не го задржува извршувањето на заклучокот согласно член 244 став 2 од Законот за социјалната заштита.

Решено во Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден 12.01.2015 година под број 16-200/4

**Упатство за правно средство:** против овој заклучок може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на заклучокот преку Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

**Инспектори за социјална заштита**
Генерален инспектор,Владо Аврамовски
Виш инспектор,Благица Пирова
Виш инспектор,Марушка Ѓеоргиева
Инспектор,Зорица Цветковска